# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

## 40 ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ НА ННСГ ЗА ИСТОРИЈА (1946—1986)

Наставно-научната студиска група за историја претставува составен сегмент на Филозофскиот факултет од основањето до денес.

Катедрата за историски науки спаѓа во редот на првите, матични групи на Филозофскиот факултет во Скопје. Таа никна пред 40 години, во далечната 1946 година, во рамките на новоформираниот Филозофски факултет. Тој претставува вистински нуклеус на првиот македонски универзитет, Скопскиот универзитет „Кирил и Методиј," во чиј ореол се вплетени вековните кирило-методиевски и климентови традиции.

Во 1973 година од Катедрата за историски науки се одлачи Катедрата за историја на уметноста. Четири години подоцна, во 1977 година, Катедрата за историски науки прерасна во Наставно-научна студиска група за историја, кој назив го носи и денес.

Катедрата за историја ја започна својата работа со прст ентузијасти, кои го чинеа нејзиниот скромен кадровски потенцијал. Токму тогаш дојде до израз драгоцената кадровска помош на другите братски југословенски републики, олицетворена првенствено во ангажирањето за редовни наставници, најпрво на д-р Петар Лисичар и д-р Петар Поповиќ, а нешто подоцна и д-р Стјепан Антољак, д-р Богдан Стевановиќ (краткотрајно) и д-р Андрија Лаиновиќ, како и во ангажирањето на д-р Стеван Јантолек и д-р Владимир Мошин за хонорарни наставници на Катедрата за историја. Притоа, посебно дојде до израз придонесот на д-р Стјепан Антољак, кој за своите заслуги беше удостоен со највисоките републички признанија (наградите: 11 ОКТОМВРИ и ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ) и избран за редовен член на Македонската академија на науките и уметностите (надвор од работниот состав).

Воедно се реализирани повремени гостувања на истакнати личности на југословенската историографија, меѓу кои се вбројуваат: д-р Грегор Чремошник, д-р Милко Кос, д-р Георгие Острогорски, д-р Васа Чубриловиќ, акад. Михаило Апостолоски, д-р Бранко Петрановиќ и др.

Благодарение на ваквата сестрана кадровска помош, како и на вонредните пионерски напори на корифеите на оваа Катедра, групата за историја се претвори во вистински расадник на наставно-научни кадри од областа на историските науки и тоа не само за сопствените редови, туку и за сите наставно-научни и културни институции во нашава република и пошироко, за нашава југословенска социјалистичка заедница.

Од првиот скромен наставен план и рудиментарни програми, условени од тогашниот степен на развој на нашата историографија, нè делат 40 години. Подоцнежните наставни планови и програми, согласно нагорните чекори во развојот, стануваа сè поразновидни и побогати. Така, беа застапувани и нови предмети, како Помошните историски науки (во 60-те години), Историјата на Византија (1966) и сл. Денес сме соочени со мошне развиен наставен план во

кој се застапени предмети од општата (Историја на Стариот, Средниот, Новиот и Најновиот век, како и Историјата на Византија) и од националната историја (Историја на македонскиот народ и народностите — Среден и Нов век, Историја на југословенските народи и народности — Среден, Нов и Најнов век), како и Помошни историски науки и Методика на наставата по историја. Притоа тие се пропратени со богати наставни програми, адекватни на сегашните високи наставно-научни дострели. Во тој поглед најкарактеристичен е примерот со изучувањето на македонското минато. Ако во почетокот се изнесуваа елементарни сознанија од македонската историја, денес, благодарение на евидентниот подем на современата македонска историографија, квантитативно и квалитативно е збогатено изучувањето на македонското минато. Адекватен е случајот и со изучувањето на најновата историја на југословенските народи и народности, аналогно на снажниот полет на современата југословенска историографска мисла.

Покрај спомenатите предмети, во најновиот наставен план е застапена и групата на општообразовни предмети, збогатена со класичен и странски јазик (по избор). Студиите на вториот степен завршуваат со одбрана на писмен дипломски труд (по избор од историографската група предмети). Во тој поглед, ННСГ за историја оди во чекор со традиционално поразвиените југословенски наставно-научни едукативни центри.

Во изминативе четири децении на групата за историја се калеа и градеа бројни генерации македонски студенти, студенти од братските социјалистички републики и покраини, како и студенти од странство. Во овој период ННСГ за историја ѝ подари на југословенската социјалистичка заедница цела армија од над 1300 дипломирани историчари.

Денес, нејзините школници, распрснати низ цела Југославија го шират марксистичкиот светоглед и духот на братството и единството на југословенските народи и народности. Главнината на овој кадар е лоциран во СРМ, при што го дава својот придонес во организациите на здружениот труд од областа на основното, средното и високото образование, во архивите, музеите, домовите на културата и во општествено-политичките организации, како и во врвните републички научни и културни институции (ИНИ, Архивот на Македонија, Музеите на Македонија, НУБ „Климент Охридски“, НИП „Нова Македонија“, РТВ Скопје, па и МАНУ).

Согласно нараснатите општествени потреби за побрзо и поквалитетно оквалификување на научниот подмладок, Катедрата за историски науки од 1971 година стана носител на III степен на настава, отворајќи постдипломски студии од областа на историјата на македонскиот народ. Постдипломските студии се реализираат во соработка со Институтот за национална историја и др. научни институции во републикава. Во наставниот план се зацртани четири насоки и тоа: I. Историја на македонскиот народ и народностите до крјот на XIV век; II. Историја на македонскиот народ и народностите од крајот на XIV до крајот на XVIII век; Ш. Историја на македонскиот народ и народностите во XIX и XX век; и IV. Историја на балканските народи во XIX и XX век.

Последна стартуваше VIII генерација слушатели на постдипломските студии. Досега магистрираа 19 постдипломци, и тоа, првиот, Лазар Лазаров на 7. I. 1975 година, а последната, Љубинка Босотова, на 5 октомври 1985 година. Моментно, пред комисиите за оценка се наоѓаат уште 4 завршени магистерски тези, чија одбрана може да се очекува во најскоро време.

Освен тоа, шестмина хабилитираа.

Покрај тоа, на групата за историја со највисокиот научен степен, докторат по историски науки, се здобија цела плејада научни работници од нашава земја. Досе-

га ННСГ за историја ја облагороди нашата научна мисла со 38 одбранети докторски дисертации од областа на историските науки. Временскиот интервал меѓу првата и последната одбранета докторска дисертација изнесува близу три децении (18. I. 1958 — 14 мај 1986 год.). Прв со докторат по историски науки на оваа група се здоби Христо Андонов Полјански (Риека и Турција — трговски врски во втората половина на XIX век), а последна, Маргарита Пешевска (Историскиот развиток на неврзувањето). Последниов пример јасно покажува дека ННСГ за историјата меѓу првите во Југославија се здоби со доктор на неврзувањето, што само по себе говори за нејзиниот развиен осет за пулсот на времето.

Потребно е да се истакне дека на оваа група на 29. I. 1985 година ја одбрани својата докторска дисертација (Народноослободителната борба на Југославија и кинескиот прогресивен печат, 1941 — 45 г) и првиот странски научен работник, Ма Сипу од НР Кина. Воедно, тој е и првиот Кинез што ја стекна титулата доктор на историски науки во СФР Југославија.

Презентираниве податоци за научниве степени најпластично го илустрираат неизмерниот придонес на ННСГ за историја на овој план за развојот и растежот на современата македонска историографија. Воедно, ННСГ за историја даде неколку водечки творци на македонската историографска мисла.

ННСГ за историја во изминативе четири децении беше застапена на речиси сите значајни стручни и научни манифестации во републикава, земјава и надвор од неа.

Овде на прво место ги вбројуваме конгресите на југословенските историчари одржани во Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Охрид, Будва, Нови Сад и Аранѓеловац, потоа југословенските симпозиуми за наставата по историја, од кои претпоследниот, XI симпозиум се одржа минатата година во Маврово — Леуново.

На меѓународен план релевантно е учеството на светските конгреси на историчарите во Рим, Стокхолм, Виена, Москва, Сан Франциско. Притоа, потребно е да се истакне дека на конгресот во Сан Франциско во III секција за современа историја претседаваше членот на нашата Катедра, проф. д-р Александар Апостолов.

Треба да се одбележи и учеството на византолошките конгреси во Солун, Истанбул, Минхен, Охрид, Оксфорд, Букурешт, Атина и Виена. Во август годинава се одржа византолошки конгрес во Вашингтон, на кој зеде учество со реферат нашиот претставник, проф. д-р Бранко Панов. Ќе ги спомeнеме и меѓународните конгреси на економските историчари во Ленинград и Будимпешта, балканолошките конгреси во Софија, Атина и Анкара, потоа славистичките конгреси во Прага и Софија, конгресот за антички студии во Будимпешта, на меѓународниот историско-славистички конгрес во Салцбург и Регенсбург, на меѓународната југословенско-чехословачка средба во Скопје и Сараево, на меѓународниот симпозиум за Методиј во Познањ (Полска) и сл.

Кај нас позначајни се научните собири посветени на Богомилството на Балканот, на Кирил Солунски, на Методиј, на Климент Охридски, на Скендербег, на Мисирков, на Октомвриската револуција, на Ѓорче Петров, Пере Тошев, Гоце Делчев, Јане Сандански, тркалезните маси за Даме Груев, Раздолов, Русински, ВМРО (Обединета), симпозиумите Македонија во Источната криза 1875 — 1881 г., Кресненското востание во Македонија; Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата; за М. Цепенков, симпозиумите за I заседание на АСНОМ, Основањето и развојот на КПМ, научните средби во рамките на манифестациите „Гоцеви денови“ (Делчево), „10 дена Крушевска Република“ (Крушево), Дојрански ракувања (А. Панов, Ан. Динев), симпозиумите за Илинденското востание, симпозиумот „40 години слободен развој на воспитанието и

образованието на Македонија", потоа на бројните научни собири посветени на повеќе градови и региони во републикава, на Научниот собир „Тито и Револуција" (Кумровец — Загреб), „Осмата конференција на загрепските комунисти и развојот на КПЈ—СКЈ како модерна партија на работничката класа" (Загреб), на симпозиумот „Животот и делото на Моша Пијаде" (Белград), на симпозиумот „Специфичностите на економскиот развиток и социјалната структура на одделните делови на Југославија, 1918—1941" (Аранѓеловац), на Струшката музичка есен, повеќегодишни настапи на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид, на бројни сесии на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски" и сл.

Секако, посебно се значајни научните собири на Филозофскиот факултет посветени на Маркс, Енгелс, Ленин и Тито. Треба да се потенцира дека трудовите од последниот собир „Маркс и нашата современост" беа публикувани во посебен број на Годишниот зборник на Факултетот и тоа во годината на одржувањето на Собирот (1983).

Досега се одржани осум интеркатедарски конференции на историчарите на Југославија во кои зедовме активно учество. Нашата група беше домаќин на IV конференција (1981 г.).

ННСГ за историја се појави и во улога на соорганизатор на неколку научни собири. Освен тоа, членови на ННСГ за историја беа вклучени во организационите одбори на разни конгреси, симпозиуми, тркалезни маси, семинари и сл. Исто така беа вклучени и во редакциите на бројни публикации сврзани за такви манифестации, во редакциите на посебни публикации, монографии на градови, историографски и др. списанија, архивски и др. зборници, монографии и сл. Покрај тоа, членови на групата учествуваа во подготовката на Енциклопедијата на „Просвета", Енциклопедијата за физичка култура и сл.

ННСГ за историја беше вклучена и во реализацијата на капиталните проекти на современата македонска историографија, тротомната Историја на македонскиот народ (1969) и двотомните Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава (1981), а сега е вклучена во реализацијата на монументалниот проект на повеќетомната историја на македонскиот народ. Воедно беше вклучена и во реализацијата на проектите на Историјата на СКЈ (КПЈ) и Историјата на СКМ (КПМ).

Освен тоа, ННСГ за историја беше носител на бројни стручни семинари за наставниците по историја. Ќе ги истакнеме и бројните учебници за основно и средно образование што ги подготвија членови на нашата Катедра. Во тоа посебно се истакна проф. д-р В. Кушевски и проф. д-р А. Апостолов.

Во издавањето на универзитетски учебници и прирачници посебно се истакнаа проф. Љ. Лапе со двотомните Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (во три изданија) и проф. д-р Стјепан Антољак со Помошни историски науки (две изданија) и Извори за историјата на народите на ФНРЈ.

Членовите на ННСГ за историја беа активно вклучени и во разни македонски научни и културни манифестации во земјата. Во земјата ќе ги спомнеме настапите во Вараждин, Љубљана и Пула во рамките на манифестацијата „Гоцеви денови", а во странство Деновите на македонската култура во Велика Британија (Лондон, Оксфорд, Брадфорт, — ноември 1979) во која зеде учество и проф. д-р Хр. Андонов Полјански, и сл.

Треба да се потенцира и улогата на Полјански во реализацијата на манифестациите Марксова, Ленинова, Енгелсова и Титова недела — организирани на нашиот Факултет.

ННСГ за историја ја краси грандиозен научен опус. Од презентираните библиографии во три броја на Годишниот Зборник може да се добие само палијативна

слика за тоа, бидејќи не сите членови од изминатиов четиригодишен период се застапени во нив.

Најсветол пример за размерите на оваа продукција ни пружа научниот опус на Полјански, кој содржи близу половина илјада библиографски единици, во кои се вброени близу 40 книги.

Ваквата импресивна научна продукција, гарнирана со општествена дејност, им донесе на членовите на Катедрата врвни општествени признанија и награди.

Овде на прво место го истакнуваме највисокото југословенско општествено признание, Наградата АВНОЈ, чиј лауреат стана проф. д-р Христо Андонов Полјански во 1983 година.

Со највисокото републичко признание, Наградата „11 октомври" се овенчани монографиите „Манастир" од Димче Коцо и Петар Миљковиќ — Пепек, „Самуиловата држава" од Стјепан Антољак и шесттомниот ненадминат опус за Гоце Делчев од Христо Андонов Полјански. Добитници на Наградата „11 октомври" за животно дело станаа проф. Љубен Лапе и проф. д-р Христо Андонов Полјански.

Со високото републичко признание, Наградата „Гоце Делчев" беа удостоени проф. Љубен Лапе, проф. д-р Христо Андонов Полјански, д-р Димитар Димески за монографијата „Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает" (1893-1903 г.), како и проф. д-р Стјепан Антољак и проф. д-р Бранко Панов за монументалната тротомна публикација „Средновековна Македонија".

Носители на републичката награда „Климент Охридски" се проф. Љубен Лапе, проф. Методија Соколоски, проф. Томо Томоски, проф. д-р Војо Кушевски и проф. д-р Александар Апостолов.

Наградата на град Скопје „13 ноември" ја добија: д-р Бранко Панов за монографскиот труд „Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ", проф. Славка Фиданова за трудот „Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје во годините спроти Априлската војна", како и проф. д-р Христо Андонов Полјански (постхумно) за монографскиот труд „Илинденското востание и меѓународната јавност".

Освен тоа, членовите на ННГС за историја се носители на бројни други општествени признанија, ордени, медали, плакети, благодарници, признанија и сл.

За вкупниот општествен придонес ННСГ за историја беше удостоена со високото републичко општествено признание, Наградата „Гоце Делчев" (1980 г.)

Во изминатиов временски интервал членовите на ННСГ за историја реализираа студиски престои и специјализации во земјата и во странство, пред сè, во СССР, Велика Британија, Франција, Италија, Австрија, ГДР, Швајцарија, Белгија, Бугарија, Грција, Албанија, Чехословачка, Полска, Турција, САД и сл.

Од 70-те години се одвива меѓународна размена на студенти и професори со Универзитетот „Ленински комсомол" во Вороњеж (СССР).

Освен тоа, бројни странски научни работници гостуваа кај нас.

Во последно време меѓународната соработка е издигната на повисоко рамниште преку реализација на заеднички теми. Таква соработка е воспоставена со универзитетите во Краков, Варшава и Вороњеж.

Што се однесува до студирањето може да нагласиме дека во последно време се зголемува успехот и бројот на дипломираните студенти. Тоа несомнено го навестува времето на созревање на подобра, поквалитетна генерација студенти. Моментно, на нашава група студираат 315 редовни и 69 вонредни студенти. Инаку, студентите активно се вклучени во работата на самоуправните органи на групата и Факултетот. Нивната активност најдобро доаѓа до израз во Советот на групата, Клубот на млади историчари и сл.

Секоја година, во рамките на можностите, се реализира теренска настава во републикава и надвор од неа.

ННСГ за историја располага со една од најбогатите историографски библиотеки во републикава. Во Семинарот за општа и национална историја се депонирани над 36 илјади публикации, од кои над 25 илјади се книги, а останатите 11 илјади броеви на списанија. Покрај тоа, таа располага и со комплети весници, историографски карти и сл. Во Семинарот за Стар век се депонирани над 4 илјади книги. Потребно е да се одбележи дека ННГС за историја врши размена со факултетските публикации (пред сè, со Годишниот зборник) со бројни институции во земјава, како и со 70-на научни институции во странство.

Во библиотеката се формирани специјални библиотечни фондови: Фонд Љубен ЛАПЕ, и Фонд Христо АНДОНОВ — ПОЛЈАНСКИ.

Покрај тоа, потребно е да се спомене и паричниот Фонд ЉУБЕН ЛАПЕ за стипендирање на студенти на ННСГ за историја, кој е формиран со парични средства на покојниот академик.

Членовите на ННСГ за историја во изминативе 40 години беа активно вклучени во општественополитичкиот живот на Факултетот на Универзитетот и надвор од него, во републикава и земјава.

ННСГ за историја од своите редови излачи ректор (проф. д-р Христо Андонов Полјански) и проректорот на Универзитетот (проф. Славка Фиданова), декани на Факултетот проф. Димче Коцо, проф. Методија Соколоски), продекани, претседатели на Советот на Факултетот и сл. Од оваа средина произлегоа и академици на МАНУ (Коцо, Лапе, Антољак). Сето тоа јасно го потенцира угледот и придонесот на оваа група, пред сè, за развојот и растежот на Факултетот, Универзитетот, како и другите научни и културни институции во нашава република.

Во последниве две години, токму кога привршуваше процесот на кадровска смена на генерацијата, ННСГ за историја ненадејно претрпе тешки загуби. За 19 месеци (24. X. 1984 — 24 мај 1986 г.) физички загуби петмина свои стамени членови, од кои двајца активни (Г. Велков, Полјански) и тројца пензионирани членови (Соколоски, Лапе, Лаиновиќ).

Посебно е евидентна загубата на Полјански, лауреатот на Наградата АВНОЈ и ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, како и на акад. Лапе, корифејот на Катедрата за историја, во предвечерјето на 40 годишниот јубилеј.

Сето кажано најрељефно ја покажува крупната улога и придонес на ННСГ за историја за развојот и растежот на Филозофскиот факултет во Скопје во изминативе 40 години.

Оттаму ќе ги реактивираме сеуште актуелните визионерски зборови на Полјански, искажани пред десет години, со мала временска модификација дека ННСГ за историја во текот на изминативе четири децении „израсна во важен центар за наставна и научна дејност од областа на општата и националната историја. Досега постигнатите резултати во наставната и научната дејност покажуваат дека Катедрата и во иднина ќе игра значајна улога на наставно-научен план од областа на историската наука во Републикава".

**Димитар ДИМЕСКИ**